Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

февруари 2019 година

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија“ број 83/09), а во врска со член 134 став (2) и член 137 став (9) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18), министерката за одбрана, донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, бр. 01-3489/1 од 23.05.2016 година, бр. 01-7144/1 од 09.12.2016 година, бр. 02-3146/1 од 09.06.2017 година и бр. 03-4355/1 од 14.08.2017 година, пред членот 18 се додава нов поднаслов кој гласи:

„Критериуми за запишување на стручно оспособување и усовршување на лица со завршен прв циклус на студии“.

Член 2

Во член 19 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- успехот постигнат на тестот по англиски јазик“.

Член 3

Во член 20 став 2 бројот „80“, се заменува со бројот „60“.

Во член 20 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

„Успехот постигнат на тестот по англиски јазик се вредува со најмногу 20 поени.

Успехот постигнат на интервјуто се вредува со најмногу 20 поени.“

Член 4

Во член 21 став 1 зборот „ву“ се заменува со зборот „во“, а бројот „8“ се заменува со бројот „6“

Во член 21 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Вреднувањето на успехот посигнат на тестот по англиски јазик се врши согласно резултатите од ALCPT тестот. “

Член 5

Пред членот 35 се додава нов поднаслов кој гласи:

„Постапка за спроведување на конкурс за запишување на стручно оспособување и усовршување на лица со завршен прв циклус на студии“.

Член 6

Во член 37 став 1 , зборовите „најмалку 6 месеци“ се заменуваат со зборовите „1 месец “.

Став 2 и 3 се брише.

Член 7

По членот 39 се додава нов член 39-а, кој гласи:

„Проверката на познавање на англиски јазик се се спроведува во Центарот за странски јазици при Команадата за обука на Армијата, со полагање на American language course placement test- ALCPT. “

Член 8

Во членот 40 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „ и проверка од познавање на англиски јазик и резултатите постигнати на интервјуто. “

Член 9

Пред членот 45 се додава нов поднаслов кој гласи:

„Постапка за спроведување на конкурс за запишување на стручно оспособување и усовршување за родот авијација“.

Член 10

Во член 4, 10, 19, 20, 21, 23-а, 37, 40 став 1 и 2, зборот „четиригодишни“ се брише.

Член 11

Во членот 63 став 1 бројот „47“ се заменува со бројот „45“.

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-1084/1
06-02-2019 2019 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска